S2, 1277, 3.3.99, 20 ch

ПОГЛЕД

# „ГОЛЕМ КУЛТУРЕН НАСТАН“

*Кон 46. ревијална годишна изложба на ДЛУМ, 18 февруари 1999 г.*

По седум години пауза, Управното тело на Друштвото на ликовните уметници на Македонија повторно се решава да го возобнови овој настан. Дали за да се потврдат највредните придобивки на македонската современа уметност или, пак, само за да се потврди постоењето на ДЛУМ како институција којашто диктира сопствени правила (се разбира, со случајни отстапки)?

Идејата за тоа македонските ликовни уметници „еднаш годишно да ги изложат своите дела на еден заеднички настап, без критериумот на селективност“ е прекрасна. Но, самокритичноста на сите уметници заедно (или на секој посебно) не е доволна за да се изведе до крај вака амбициозно замислениот потфат. Тоа успевало порано, до 1992 година, пред да се укине овој настан. Меѓутоа, кај нас секогаш постои опасност од тоа големото значење на ревијалните изложби од минатото да биде поматено од денешниот „панаѓур на суетата“. Исто така, не може да се избегне фактот дека некои македонски уметници сѐ уште упорно се држат до девизата ЗА АФИРМИРАЊЕ НА ТРАДИЦИЈАТА, како таа да нуди вечна сигурност, наспроти стравот од новото. Не е секогаш вредно она што е веќе потврдено и безбројпати повторено. Потврдено е правилото дека уметниците што порано биле главните носители на некаква авангардна струја подоцна стануваат “класика“, доминантно потврдувајќи ги сопствените афинитети, притоа негирајќи ги новите пробиви. Но, се разбира, за вкусовите не се расправа (или не е дозволено)!?

И покрај стравот од младата конкуренција, не може да се спречи продорот на нови искуства, ставови и медиуми. Пример за тоа се одделни дела од годинешнава изложба на ДЛУМ, на која можат да се забележат и позитивни елементи. Помладите ликовни уметници (и некои од постарите), на различен начин, ја потврдуваат разновидноста на „уметничкиот плурализам“. Срамежливо, понекогаш недоследно, полека се внесуваат новини во рамките на македонската школа и на ДЛУМ. Ова звучи препознатливо и стерилно, како извадок од некој учебник за основно училиште, печатен од некоја институција со висока репутација, на која секогаш треба да ѝ се верува. Можеби грешам, но не верувам дека оваа изложба успеа да понуди (нај)сеопфатен преглед на современата македонска уметност. Зашто, сепак, крајната цел на уметноста е да ги промовира индивидуалитетот, разновидноста и слободата на изразот на секој уметник. Секоја чест на исклучоците (и на оние што беа исклучени).

Маја ЧАНКУЛОВСКА